РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 12-1430/1
02-04-2021 г./v.

Врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител на 47-та седница одржана на 31.03.2021 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот со број 12-4736/1 од 09.10.2019 година оформен по пријава од подносителите ------------------------ преку Адвокат -------------------- доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, **СЕ ЗАПИРА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-4736/1 од 09.10.2019 година, поради тоа што наводите во пријавата не се потврдени.

Предметот да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-4736/1 од 09.10.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од подносителите ----------------- преку Адвокат -----------------------.

Во пријавата се укажува на наводи за сомневања за незаконитости во реализацијата на обврските што произлегуваат од Договорот склучен помеѓу Градот Скопје и Друштвото за трговија и услуги ------------------- --------------- заведен со број 0306 од 21.01.2002 година.

Со цел проверка на основаноста на наводите во пријавата и утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, ДКСК достави Барање за прибирање на податоци и информации со број 12-447/1 од 22.01.2020 година и со кое побара од Градоначалникот на Град Скопје да достави целосна информација за спроведување на обврските утврдени Договорот склучен помеѓу Град Скопје и Друштвото за трговија и услуги --------------------------------- заведен со број 0306 од 21.01.2002 година.

Со оглед на тоа дека помина подолго време од доставувањето на овој допис, без Државната комисија да го добие бараниот одговор, ДКСК достави Барање за прибирање на податоци и информации со број со број 12-447/3 од 23.09.2020 година година со која побара да и биде доставен бараниот одговор, со што ќе се овозможи Државната комисија за спречување на корупцијата да постапи по овој предмет.

Од Градоначлникот на Град Скопје во законски утврдениот рок беше доставен одговор по барањето на ДКСК.

По разгледување на наводите во пријавата и прибавените податоци од другите надлежни институции, ДКСК го утврди следното:

Град Скопје има склучено договор со --------------------- (Договор бр. 08-116/1 од 21.01.2002 година). Врз основа на тој договор, Град Скопје врши континуиран надзор над поставувањето на знаците за упатување во

сообраќајот, како на тие кои се за потребите на Градот, така и на комерцијалните знаци кои се поставени. За поставените знаци за упатување, согласно договорот, --------------------------- изготвува и доставува Годишен Извештај во јануари секоја година, по што Секторот за планирање и уредување на просторот изготвува Пресметка за комунална такса за сите поставени комерцијални панели во надлежност на Град Скопје. ----------------------------- ги има подмирено сите обврски кон Градот Скопје, и во целост ги исполнува одредбите на горespоменатиот договор.

Врз основа на погоре утврдената фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека во конкретниот случај постапил друг надлежен орган (Град Скопје) кој во рамките на своите надлежности преземал дејствија согласно закон и ја утврдила фактичката состојба, поради што ДКСК заклучи дека наводите не се потврдени и елементи за нејзино натамошно постапување во предметниот случај и предметот да се затвори и архивира. Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изработил: м-р И.П.
Одобрил: С.П.Д., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**